Јавна општинска установа Дом на култура
ИВАН МАЗОВ-КЛИМЕ
бр. 03-334/1
19.06.2025 год.
КАВАДАРЦИ

Република Северна Македонија
**Министерство за култура и туризам**
Сектор за управен и инспекциски надзор

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Kulturës dhe e Turizmit**
Sektori i Mbikëqyrjes Administrative dhe Inspektuese

Архивски знак
Shenja arkivore
Рок на чување:
Afati i ruajtjes:
20 година
viti

# З А П И С Н И К
## за извршен инспекциски надзор
## ИП 1 бр. 57-41
## Датум: 16.06.2025 година

### 1) Податоци за субјектот на инспекцискиот надзор

| | |
|---|---|
| Назив на субјектот на надзор | Јавна општинска установа – Дом на културата „Иван Мазов Климе", Кавадарци |
| Седиште/адреса на субјектот | ул. „7-ми Септември" бр. 1, Кавадарци |
| Адреса за е-пошта | dkkavadarci@yahoo.com |
| Телефон | (043) 550 370 |
| Матичен број на субјектот | 4401603 |
| Даночен број на субјектот | 4011992101527 |
| Број на жиро сметка на субјектот | 180101042160310 |
| Банка депонент | Стопанска банка АД-Скопје |
| Одговорно лице на субјектот: | |

| | | |
|---|---|---|
| Име и презиме:<br>вршител на должност директор | Телефон: | Е-пошта |

### 2) Податоци за инспекцискиот надзор:

| | | | |
|---|---|---|---|
| Вид на инспекциски надзор | 1. РЕДОВЕН | **2. ВОНРЕДЕН** | 3. КОНТРОЛЕН |
| Датум на почеток на инспекцискиот надзор | 09.06.2025 г. | Време на почеток на инспекцискиот надзор | 11.00 |
| Датум на завршување на инспекцискиот надзор | 16.06.2025 г. | Време на завршување на инспекцискиот надзор | 16.00 |
| Назив на објектот-инсталацијата каде се врши надзорот | Јавна општинска установа Дом на културата „Иван Мазов Климе" - Кавадарци | | |
| Главна дејност на објектот-инсталацијата каде се врши надзорот, | Дејности на објектите за културни манифестации (шифра 90.04) | | |
| Адреса на објектот-инсталацијата каде се врши надзорот | ул. „7-ми Септември" бр. 1, Кавадарци | | |

3) **Инспекцискиот надзор е извршен врз основа на:**

-НаредбатаИП1 бр.57-41 од 30.05.2025 г., издадена од министерот за култура и туризам, а во врска со наводите од Дописот бр. 296/25 од 12.05.2025 г., заведен во писарницата на Министерството за култура и туризам, под бр. 57-5398/1 од 15.05.2025 г., со барање дабиде извршен надзор во работењето на Установата, меѓудругото во однос на тоа дали во Домот е основан театар, дали во тој театар има вработено лица согласно со актот за систематизација и Колективниот договор.

4) **Инспекцискиот надзор е извршен од:**

-Сабина Синан, главен инспектор за култура – раководител наСекторот за управен и инспекциски надзор на Министерството за култура и туризам.

5) **Предмет на вонредниот инспекциски надзор**

**Предмет:** инспекцискиот надзор е извршен од аспект на спроведувањето на одредбите од членовите28, 36 и 54, како и другите одредби од **Законот за културата**(„Сл. весник на РМ" бр. 31/98, 49/2003, 82/2005, 24/2007, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16, 11/18 и „Сл. весник на РСМ" бр. 265/24),односно работењето на органот на раководење, односно на одговорното лице –директор/вршител на должност директор на националната установа (член 28), и на органот на управување - управен одбор на националната установасогласно со закон, во делот на донесување на актите за организација и систематизација на работните места во установата, како и вршење на дејноста на домови на културата, при што согласно со член 76-а од Законот за културата, вработените во установите од областа на културата, имаат статус на даватели на услуги во културата и за нивсе применуваат одредбите од Законот за културата, Законот за вработените во јавниот сектор („Сл. весник на РМ" бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Сл. весник на РСМ" бр. 143/19 и 14/20), и општите прописи за работни односи, вклучително и Законот за работните односи („Сл. весник на РМ" бр. 62/2005, ... и 120/18 и „Службен весник на РСМ" бр. 110/19 и 111/23),

**Основ:** член 82 став (1) од **Законот за културата**, а во врска со член 71 став (1) од **Законот за инспекциски надзор**(„Сл. весник на РСМ" 102/19,272/24 и 22/25).

6) **Во извршувањето на овој инспекциски надзор:**

-Не се употребени листите за проверка, од причина што станува за вонреден инспекциски надзор, а истите се задолжителни при редовен инспекциски надзор согласно со член 70 став (3) од Законот за инспекциски надзор.

**7) За време на извршувањето на инспекцискиот надзор, субјектот на надзор беше претставуван од:**

| Име и презиме | Телефон | Е-пошта |
|---|---|---|
| Име и презиме: I<br>вршител на должност директор | Телефон: | Е-пошта |

8) За време на извршувањето на инспекцискиот надзор, беа присутни следниве лица:

| **Ред. бр.** | **Име и презиме/својство** | **Контакт телефон/ е-пошта** |
|---|---|---|
| 1. | стручен соработник за музичко-сценска дејност | |

9)Инспекторот кој го изврши инспекцискиот надзор, пред почетокот на надзорот, ги презентираше целите и предметот/опфатот на инспекцискиот надзор и ги објасни правата и обврските на субјектот на надзорот.

**10)При инспекцискиот надзород страна на присутните лица на увид е презентирана следната документација:**

-Тековна состојба бр. 0805-50/150020240301495 од 29.08.2024 г., издадена од Централниот регистар на РСМ,

-Решение бр. 3082025000267 од 09.06.2025 г., издадена од Централниот регистар на РСМ, РРК Струмица,

-Тековна состојба бр. 0805-50/150020250221764 од 10.06.2025 г., издадена од Централниот регистар на РСМ, РРК Струмица,

-Решение за разрешување на директор на ЈОУ – Дом на култура „Иван Мазов Климе"-Кавадарци бр. 10-3111/2 од 20.05.2025 г.,

-Решение за именување на вршител на должност директор на ЈОУ – Дом на култура „Иван Мазов Климе"-Кавадарци бр. 10-3111/3 од 20.05.2025 г.,

-Статут на ЈОУ – Дом на култура „Иван Мазов Климе"-Кавадарци бр. 01-36/1 од 04.03.2025 г. (Пречистен текст),

-Одлука за давање на согласност на Одлуката на Управниот одбор, за донесување на Статут, заведена под дел. бр. 08-949/8 од 26.02.2016 г.,

-Статутарна одлука за изменување и дополнување на Статут на ЈОУ – Дом на култура „Иван Мазов Климе"-Кавадарци бр. 01-61/1 од 04.03.2025 г.,

Одлука за давање согласност на Статутарна одлука бр. 08-1640/39 од 13.03.2025 г., од Советот на Општина Кавадарци,

-Правилник за внатрешна организација во ЈОУ – Дом на култура „Иван Мазов Климе"-Кавадарци бр. 01-45/2 од 09.02.2016 г.,

Согласноста од МИОА со бр. 12/6-897/2 од 23.02.2016 г., по Правилникот за систематизација на работните места во ЈОУ – Дом на култура „Иван Мазов Климе"-Кавадарци бр. 01-45/1 од 09.02.2016 г.и Правилник за внатрешна организација во ЈОУ – Дом на култура „Иван Мазов Климе"-Кавадарци бр. 01-45/2 од 09.02.2016 г.,

-Правилник за систематизација на работните места во ЈОУ – Дом на култура „Иван Мазов Климе"-Кавадарци бр. 01-276/3 од 03.09.2020 г.,

-Одлука бр. 02-281/1 од 03.09.2020 г., на Управниот одбор за дадена согласност по Правилникотза систематизација на работните места во ЈОУ – Дом на култура „Иван Мазов Климе"-Кавадарци,

-Согласност од МИОА бр. 12/6-2828/2 од 11.09.2020 г., по правилниците за организација и систематизација на работните места на Домот на културата,

-Правилник за внатрешна организација во ЈОУ – Дом на култура „Иван Мазов Климе"-Кавадарци бр. 01-276/2 од 03.09.2020 г.,

Согласноста од МИОА со бр. 12/6-2528/2 од 11.09.2020 г.,

-Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во ЈОУ – Дом на култура „Иван Мазов Климе"-Кавадарци бр. 01-249/3 од 30.06.2021 г.,

-Одлука бр. 02-250/1 од 30.06.2021 г., на Управниот одбор за дадена согласност по Правилникотза измените и дополнувањата на Правилникот за систематизација на работните места во ЈОУ – Дом на култура „Иван Мазов Климе"-Кавадарци,

-Согласност од МИОА бр. 09-2578/2 од 05.07.2020 г.,

-Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во ЈОУ – Дом на култура „Иван Мазов Климе“-Кавадарцибр. 01-36/1 од 07.02.2025 г.,

-Одлука бр. 02-492/1 од 06.11.2024 г., на Управниот одбор за дадена согласност по Правилникотза измените и дополнувањата на Правилникот за систематизација на работните места во ЈОУ – Дом на култура „Иван Мазов Климе“-Кавадарци,

-Согласност од МИОА бр. 09-714/4 од 11.02.2025 г.,

-Решение за прием на работа на неопределено време на артист – приправник бр. 04-120 од 10.03.1989 г.,

-Потврда за поднесена пријава – одјава на осигурување и работен однос за од 04. јануари, 1989 г.,

-Решение за распоредување на на работно место актер трета група бр. 04-315/1 од 11.04.2020 г.,

-Известување од Министерството за финансиибр. 18-6160/2 од 07.04.2015 г., за согласност за трансформација во работен однос на неопределено работно време за лицето , од 01.12.2015 г.,

-Решение за распоредување на а работно место – актер четврта група бр. 04-319/1 од 11.09.2020 г.,

Пријава/одјава во задолжително социјално осигурување –образец М1/М2 (изводод компјутерски запис), за лицето од 30.04.2015 г.,

-Платен список за м. април, 2025 г.,за вработените воЈОУ – Дом на култура „Иван Мазов Климе“-Кавадарци.

**Од увидот во презентираната документацијаи разговорите со присутните лица, се утврдениследните наоди за фактичката состојба:**

**10.01.** Во Домот на културата,во примена е Статутот со бр. 01-43/1 од 09.02.**2016г.,** донесен од Управниот одбор во согласност со член 32 од Законот за установите и член 38 од Законот за културата, а по којшто со Одлука бр. 08-949/8 од 26.02.2016 г., е дадена потребната согласност од страна на основачот, односно Советот на Општина Кавадарциво согласност со Одлуката за превземање на основачки права

и утврдување на општински-градски сутанови од областа на културата бр. 08-59/3 од 30.01.2004 година и одредбите од Законот за локалната самоуправа.

Согласно со Статутарната одлука за изменување и дополнување на Статут на ЈОУ – Дом на култура „Иван Мазов Климе"-Кавадарци бр. 01-61/1 од 04.03.2025 г., изменет е членот 9 од Статутот, при што согласно со ставовите (1) и (2) од истиот член, е предвидено декаприоритетна дејност/главна приходна шифра на ЈОУ – Дом на културата-Кавадарци, согласно со Одлуката за донесување на Националната класификација на дејностите – НКД РЕВ. 2.1. („Сл. весник на РСМ" бр. 35/2024), е во Сектор S/O (**Уметничко творештво**), Одделот 90, група 90.01, класа 90.31, подкласа 90.310, со назив -**Работење на објекти за уметнички настани**, додека дејности на ЈОУ – Дом на културата-Кавадарци, кои се опфатени со НКД, а се од делокругот на работа на институцијата, се од секторите Ј/S, М/К и S/0 (**Литературно и музичко творештво, Визуелни уметности, Останато уметничко творештво, Изведувачки уметности, Останати помошни дејности во уметничкото творештво и изведувачките уметности и Забавни и рекреативни дејности н.д.м.**), и од секторот Т/П.

При надзорот, на увид е презентирана Одлука за давање согласност на Статурна одлука бр. 08-1640/39 од 13.03.2025 г., донесена од Советот на Општина Кавадарци, при што во истата како основ е наведен член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ" бр. 05/2002 и „Сл. весник на РСМ" бр .202/24), и член 36 и 38 од Законот за културата, како и член 82 став 1 т. 31, член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл. гласник на Општина Кавадарци" бр. 08/05, ... 75/21) - забелешка: согласно со член 25 став (2) од Законот за културата,министерот за култура и туризам дава согласност на статутот на националната установа од областа на културата.

Согласно со член 11 став (2) од Статутот, во ЈОУ – Дом на културата-Кавадарци, постојат следните облици на организација: Сектор/Одделение за административн служба, Сектор/Одделение за даватели на јавни услуги и Сектор/Одделение за помошно-техничка служба.

**10.02.**Во 2020 г., врз основа на член 17 став (7) од Законот за вработените во јавниот сектор („Сл. весник на РМ" бр. 27/2014, 199/2014, 27/2016, 35/2018 и 198/2018 и „Сл. весник на РСМ" бр. 143/2019 и 14/2020), и член 127 став (2) од **Колективниот договор за културата („Сл. весник на РСМ" бр. 10/20)**, а во согласност со член 28 став (2) т. 6 од Законот за културата, од страна на во својство на директор на Домот на културата„Иван Мазов Климе"-Кавадарци, се донесени **Правилникот за внатрешна организација бр. 01-276/2 од 03.09.2020 г. и Правилник за систематизација на работните места бр. 01-276/3 од 03.09.2020 г.,**

а на коишто е дадена потребната **согласност бр. 12/6-2828/2 од 11.09.2020 г., од надлежното Министерство за информатичко општество и администрација, за усогласеноста на правилниците во согласност со одредбите од Законот за административни службеници, Законот за вработените во јавниот сектор, Правилникот за содржината и начинот на подготовка на актите за внатрешна организација и систематизација на работните места и Каталогот на работни места во јавниот сектор.**

Со донесувањето на новиот Правилник во 03.09.2020 г., престана да важи Правилникот за систематизација на работните места во ЈОУ – Дом на култура „Иван Мазов Климе"-Кавадарци бр. 01-45/1 од **09.02.2016 г.**, како и сите изменувања и дополнувањата на истиот од 05.12.2018 г., 22.11.2019 и од 27.05.2020 г.

Видно од Правилникот за систематизација на работните места бр. 01-276/3 од 03.09.2020 г., со истиот се предвидени и опишани вкупно 20 систематизирани извршители, од кои 6 на административни службеници, **9 даватели на услуги – ниво А5 (актер трета група), А6(актер четврта група)**, и **ниво Б1 (кореограф-асистент)**, со еден систематизиран извршител, **ниво Г1 (уметнички раководител и програмски раководител), Г2 (стручен соработник за визуелни уметности, дизајн и архитектура и стручен соработник за сценско-музичка дејност), и Г3(соработник за сценско-музичка дејност)**, со 2 систематизирани извршители (забелешка: од кои пополнети се 8-член 7 од Правилникот), и 5 помошно – технички лица, распоредени во организациони единици согласно со Правилникот за внатрешна организација на ЈОУ - Дом на култура „Иван Мазов-Климе „Кавадарци", од кои пополнети се 13.

Додека, согласно со член 5од Правилникот за систематизација на работните места во ЈОУ – Дом на култура „Иван Мазов Климе"-Кавадарци бр. 01-45/1 од **09.02.2016 г.**,за којшто при надзорот на увид е презентирана Согласноста од МИОА со бр. 12/6-897/2 од 23.02.2016 г., се утврдени и опишани вкупно 18 работни местаи тоа исто така на административни службеници, како и на даватели на услуги – **во стручната служба: категорија А-уметници, во нивоата А4/актер втора група, А5/актер трета група и А6/актер четврта група, по еден извршител**, категорија Б-уметнички соработници за подготвување на сценски и музичко-сценски дела, ниво Б1-со еден извршител и категорија Г-стручни соработници во дејности од областа на културата, нивоата Г2 и Г3-по три извршители, како и помошно – технички лица, од кои се пополнети 12 работни места.

Во согласност со член 36 став (1) т. 5 од Законот за културата, односно врз основа на член 20 став 8 од Статутот на Домот на културата, од страна на Управниот одбор согласно со Одлука бр. 02-281/1 од 03.09.2020 г., е дадена потребната согласност

нановиот Правилник од 2020 г., за систематизација на работните места во ЈОУ – Дом на култура „Иван Мазов Климе"-Кавадарци, донесен од директорот на Домот на културата.

Дополнително,од страна на директорот во текот на 2021 г. и 2024 г., се извршени соодветни изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Музејот, а за што при надзорот на увид се презентираани Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во ЈОУ – Дом на култура „Иван Мазов Климе"-Кавадарци бр. 01-249/3 од 30.06.2021 г. (забелешка: во делот на видот на образование на работните места – советник – главен сметководител и виш соработник - сметководител), Одлука бр. 02-250/1 од 30.06.2021 г., на Управниот одбор за дадена согласност по Правилникотза измените и дополнувањата на Правилникот за систематизација на работните места во ЈОУ – Дом на култура „Иван Мазов Климе"-Кавадарци и Согласност од МИОА бр. 09-2578/2 од 05.07.2021 г., како и Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во ЈОУ – Дом на култура „Иван Мазов Климе"-Кавадарцибр. 01-36/1 од 07.02.2025 г., Одлука бр. 02-492/1 од 06.11.2024 г. (забелешка: во делот на работното место уметнички раководител, со бр. на извршители еден, се брише; во делот на видот на образование и бројот на извршители на работното место светло мајстор и во делот на табеларниот преглед), на Управниот одбор за дадена согласност по Правилникотза измените и дополнувањата на Правилникот за систематизација на работните места во ЈОУ – Дом на култура „Иван Мазов Климе"-Кавадарци и Согласност од МИОА бр. 09-714/4 од 11.02.2025 година.

При надзорот, на увид е презентиран и **Правилникот за внатрешна организација во ЈОУ – Дом на култура „Иван Мазов Климе"-Кавадарци бр. 01-45/2 од 09.02.2016 г.,** со потребната Согласноста од надлежното Министерство за информатичко општество и администрација со бр. 12/6-897/2 од 23.02.2016 г., како и **Правилникот за внатрешна организација во ЈОУ – Дом на култура „Иван Мазов Климе"-Кавадарци бр. 01-276/2 од 13.09.2020 г.,со потребната Согласноста од надлежното Министерство за информатичко општество и администрација со бр. 12/6-2528/2 од 11.09.2020 година.**

Видно од Правилникот за внатрешна организација во ЈОУ – Дом на култура „Иван Мазов Климе"-Кавадарци бр. 01-276/2 од 13.09.2020 г., во рамки на Домот функционираат три служби: Административна служба,Стручна службаи Помошно-техничка служба, при што согласно со член 5 став (2) од Правилникот,е предвидено дека „**Стручната служба, е** надлежна за извршување на следните раоти и задачи:

-Ја организира целокупната работа на Ликовната галерија (изготвува Извештаи, Програми, проекти), ја координира работата на уметниците и другите сценски работници, како и помошниот персонал кој е во функција на спроведување на програмските активности;
-Изготвува програми и проекти за музичката дејност воДомот;
-Изготвува и предлага проекти и елаборати за аплицирање во културни проекти од локален и национален интерес;
-Се грижи за создавање на услови за музичкото творештво на граѓаните од општината преку матични форми во Домот: хор, фолклорен ансамбл, оркестри, камерни состави, балетска група, пејачи и др.;
-Додека пак во драмската дејност,стручната служба учествува во организирањето на оперативната работа на Театарот,креативно соработува со режисерите, актерите и другите сценски работници, како и помошниот персонал;
-Ги следи современите трендови во театарот и иницира нови содржини и текстови за афирмација на драмската уметност;
-Работи на унапредување, омасовување и квалитетно афирмирање на Театарот;
-Воедно учествува и како толкувач на улоги во поставените театарски претстави;
-Работата се организира и рамномерно се распоредува меѓу вработените во сите дејности на оваа стручна служба (стручни соработници во ликовно-галериска дејност, стручни соработници во музичко-сценска дејност, како и стручни соработници во драмска дејност)." Истиот делокруг на работата на Стручната служба во Домот на културата, е предвиден и со членот 5 став 2 од Правилникот за внатрешна организација во ЈОУ – Дом на култура „Иван Мазов Климе"-Кавадарци бр. 01-45/2 од 09.02.2016 година.

**10.03.** Врз основа на член 50 став 1 т. 9 од Законот за локалната самоуправа и членовите 29 и 30 од Законот за културата, по пат на јавен Конкурс вработената е избрана за директор согласно со Решение бр. 10-5760/5 од **18.11.2019 г.** донесено од градоначалникот на Општина Кавадарци, со мандатот од 4 години, кога истовремено со Решение бр. 10-5760/6 од 18.11.2019 г. и е констатиран престанок на мандатот на вршител на должност директор на ЈОУ - Дом на културата, поради извршен избор на директор (забелешка: претходно именувана од редот на вработените за вршител на должноста директор на Домот на културата со Решение бр. 10-3848/4 од 15.07.2019 г., за време до изборот на директор, а најдолго за 6 месеци).

Согласно со Решението бр. 10-6620/10 од 16.11.2023 г., донесено од градоначалникот на Општина Кавадарци, е избрана по втор пат за директор на ЈОУ-Дом на културата, со мандат од 4 (четири) години, но согласно со Решениетобр. 10-3111/2 од 20.05.2025 г.,вработената е разрешена од директор на ЈОУ – Дом на култура „Иван Мазов Климе"-Кавадарци.

Република Северна Македонија
**Министерство за култура и туризам**
Сектор за управен и инспекциски надзор

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Kulturës dhe e Turizmit**
Sektori i Mbikëqyrjes Administrative dhe Inspektuese

на лично барање со писмена оставка од гореименуваната, кога истовремено согласно соРешениетобр. 10-3111/3 од 20.05.2025 г., врз основа на член 50 став 1 т. 9 од Законот за културата, од редот на вработение за вршител на должностадиректор на ЈОУ – Дом на култура „Иван Мазов Климе“-Кавадарци, е именуван , дипл. етнокореолог, за време до изборот на директор, а најдолго за 6 месеци.

Согласно со член 34 став (1) од Законот за културата, во случај кога не е избран директор на национална установа или предвреме му престанал мандатот, министерот за култура и туризам, односно градоначалникот за општинска – градска установа, веднаш именува вршител на должноста директор, без јавен оглас и тоа од редот на вработените, односно без предвидени други услови. Додека, согласно со член 50 став 1 т. 9 од Законот за локалната самоуправа, е регулиран изборот на директор, односно дека „градоначалникот избира директори на јавните служби, кои ги основала општината врз основа на јавен конкурс“.

Според податоците од Решението бр. 3082025000267 од 09.06.2025 г. и Тековната состојба бр. 0805-50/150020250221764 од 10.06.2025 г., издадени од Централниот регистар на РСМ, РРК Струмица, по Пријавата за упис на промена на овластено лице, почнувајќи од 09.06.2025 г.согласно со членовите 30, 39 и 41 од Законот за едношалтерскиот систем и за водење на трговскиот регистар и регистар на други правни лица („Сл. весник на РМ“ бр. 84/05, ... и „Сл. весник на РСМ“ бр. 98/19, 122/21 и 215/21), и член 34 и член 38 од Законот за културата, вработениот е запишан, како овластено лице за застапување на Домот (в.д. директор), а со што е започната постапка за запишување на ново именуваниот в.д. директор во Министерството за финансии, Трезорска канцеларија во Кавадарци, за овластен потписник на жиро - сметките на Домот на културата (180101042160310-с-ка на дотации за проекти од МКТ, 732011042178718-с-ка за самофинансирачки активности, 732011042160310-с-ка на општински дотации и 732011042190312-с-ка за наменски дотации).

Според податоците од Решението бр. 3082025000267 од 09.06.2025 г. и Тековната состојба бр. 0805-50/150020250221764 од 10.06.2025 г., издадени од Централниот регистар на РСМ, РРК Струмица, приоритетната дејност (главна приходна шифра), за којашто е регистриран ЈОУ-Дом на културата „Иван Мазов Климе“-Кавадарци, е **Работење на објекти за уметнички настани (шифра 90.310).**

**10.04.** Врз основа на член 120 од Законот за здружениот труд, Правилникот за

на неопределено време на артист – приправник почнувајќи од 04.01.1989 г., со степен на образование – Висока стручна спрема, за што е презентирана и соодветна Потврда за поднесена пријава – одјава на осигурување и работен однос за од 04. јануари, 1989 година. При надзорот, на увид е презентирано исто така и последното Решение за распоредување на на **работно место актер трета група со шифра КУЛ 03 04 А05 011,** содел. бр. 04-315/1 од 11.04.2020 г., издадено од тогашната директорка на Домот врз основа на член 3 став (2) и член 21 став (1) од Законот за вработување војавниот сектор и член **76 став (1) и член 76-а став (1) од Законот за културата,** Статутот и Правилникот за систематизација на работните места бр. 01-276/3 од 03.09.2020 година.

За вториот актер којшто е вработен воЈОУ- Дом на културата „Иван Мазов Климе"-Кавадарци, на увид е презентирано Известување од Министерството за финансиибр. 18-6160/2 од 07.04.2015 г., за согласност за трансформација во работен однос на неопределено работно време, со важност **од 01.12.2015 г.,** дадено во согласност со **член 4 од Законот за трансформација во редовен работен однос,** за што е презентирана и соодветна Пријава/одјава во задолжително социјално осигурување–образец М1/М2 (извод од компјутерски запис), за лицето од 30.04.2015 г. за работното место – организатор на културно-забавни приредби. При надзорот, на увид е презентирано исто така и последното Решение за распоредување на **работно место – актер четврта групасо шифра КУЛ 03 04 А06 001,**со дел. бр. 04-319/1 од 11.09.2020 г.,издадено од тогашната директорка на Домот врз основа на член 3 став (2) и член 21 став (1) од Законот за вработување во јавниот сектор и член 76 став (1) и **член 76-а став (1) од Законот за културата**, Статутот и Правилникот за систематизација на работните места бр. 01-276/3 од 03.09.2020 година.

Според изјавите на присутните лица, вработените распоредени на работните места, конкретно кореограф асистент, гардеробер и светло мајстор, се во функција на извршување на работните задачи за сите дејности од областа на културата, што се обавуваат континуирано station наназад со години во Домот на културата, односно сценско-уметничката дејност (музичка; драмска, играорна дејност), и галериската дејност, со средствата од Буџетот на РМ/РСМ, што се одобруваат преку Министерството за култура/Министерството за култура и туризам, за учество во финансирање на проектните активности на Домот на културата од национален интерес во културата, како и со средствата од Општина Кавадарци.

**10.05.**Според Платниот список за м. април, 2025 г.,за вработените во ЈОУ – Дом на култура „Иван Мазов Климе"-Кавадарци, во работен однос на неопределено време се вкупно 12 извршители, на коишто **преку Министерството за култура и**

**туризам** (блок дотации). се врши исплата на плата согласно со актот за систематизација на работните места и коефициентите утврдени за основна плата во членот 66 од **Колективниот договор за културата („Сл. весник на РМ“ бр. 10/2020,** во сила од 16.01.2020 г.), конкретно за работното место **актер трета група со шифра КУЛ 03 04 А05 011,** е утврден коефициент 2,264, а за **работното место – актер четврта групасо шифра КУЛ 03 04 А06 001,** е утврден коефициент 2,090.
**Врз основа на непосредниот увид во горенаведената документација и изјавите на присутните лица:**

**-не се утврдени неправилности во работењето на субјектот на надзорот.**

1.При вонредниот инспекциски надзор, не се утврдени неправилности во работењето на субјектот на надзорот од аспект на примена на одредбите од Законот за културата, конкретно одредбите од членот 28 и 36 од Законот, во согласност со коишто од страна на органот на раководење - директор и органот на управување - управен одбор, се донесени правилниците за систематизација на работните места и внатрешна организиција на ЈОУ-Дом на културата „Иван Мазов Климе“-Кавадарци, **а за коишто е добиена потребната согласност од надлежното Министерство за информатичко општество и администрација, за усогласеноста на правилниците согласно со одредбите од Законот за административни службеници, Законот за вработените во јавниот сектор, Правилникот за содржината и начинот на подготовка на актите за внатрешна организација и систематизација на работните места и Каталогот на работни места во јавниот сектор**.

Видно од постојниот Правилник за систематизација на работните места бр. 01-276/3 од 03.09.2020 г., со истиот се предвидени и опишани вкупно 20 систематизирани извршители, од кои 6 на административни службеници, **9 даватели на услуги –ниво А5 (актер трета група), А6 (актер четврта група)**, и **ниво Б1 (кореограф-асистент)**, со еден систематизиран извршител, **ниво Г1 (уметнички раководител и програмски раководител), Г2 (стручен соработник за визуелни уметности, дизајн и архитектура и стручен соработник за сценско-музичка дејност), и Г3 (соработник за сценско-музичка дејност)**, со 2 систематизирани извршители (забелешка: од кои пополнети се 8-член 7 од Правилникот), и 5 помошно – технички лица, распоредени во организациони единици согласно со Правилникот за внатрешна организација на ЈОУ - Дом на култура „Иван Мазов-Климе „Кавадарци“, од кои пополнети се 13.

Имено, согласно со член **76-а од Законот за културата**, вработените во јавните установи од областа на културата, имаат статус на даватели на јавни услуги во културата и за нив се применуваат одредбите од овој закон, одредбите од Законот за вработените во јавниот сектор и општите прописи за работни односи.

2.Во Домот на културата, во примена е Статутот со бр. 01-43/1 од 09.02.**2016 г.**, донесен од Управниот одбор во согласност со член 32 од Законот за установите и член 38 од Законот за културата, а по којшто со Одлука бр. 08-949/8 од 26.02.2016 г., е дадена потребната согласност од страна на основачот, односно Советот на Општина Кавадарци согласно со Одлуката за превземање на основачки права и утврдување на општински-градски установи од областа на културата бр. 08-59/3 од 30.01.2004 година и одредбите од Законот за локалната самоуправа.

Согласно со Статутарната одлука за изменување и дополнување на Статут на ЈОУ – Дом на култура „Иван Мазов Климе"-Кавадарци бр. 01-61/1 од 04.03.2025 г., изменет е членот 9 од Статутот, при што согласно со ставовите (1) и (2) од истиот член, е предвидено дека приоритетна дејност/главна приходна шифра на ЈОУ – Дом на културата-Кавадарци, согласно со Одлуката за донесување на Националната класификација на дејностите – НКД РЕВ. 2.1. („Сл. весник на РСМ" бр. 35/2024), е во Сектор S/O (**Уметничко творештво**), Одделот 90, група 90.01, класа 90.31, подкласа 90.310, со назив -**Работење на објекти за уметнички настани**, додека дејности на ЈОУ – Дом на културата-Кавадарци, кои се опфатени со НКД, а се од делокругот на работа на институцијата, се од секторите J/S, M/K и S/0 (**Литературно и музичко творештво, Визуелни уметности, Останато уметничко творештво, Изведувачки уметности, Останати помошни дејности во уметничкото творештво и изведувачките уметности и Забавни и рекреативни дејности н.д.м.**), и од секторот Т/П.

При надзорот, на увид е презентирана Одлука за давање согласност на Статурна одлука бр. 08-1640/39 од 13.03.2025 г., донесена од Советот на Општина Кавадарци, при што во истата како основ е наведен член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ" бр. 05/2002 и „Сл. весник на РСМ" бр .202/24), и член 36 и 38 од Законот за културата, како и член 82 став 1 т. 31, член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл. гласник на Општина Кавадарци" бр. 08/05, ... 75/21) - забелешка: согласно со член 25 став (2) од Законот за културата,министерот за култура и туризам дава согласност на статутот на националната установа од областа на културата.

Според податоците од Решението бр. 3082025000267 од 09.06.2025 г. и Тековната состојба бр. 0805-50/150020250221764 од 10.06.2025 г., издадени од Централниот регистар на РСМ, РРК Струмица, приоритетната дејност (главна приходна шифра), за којашто е регистриран ЈОУ-Дом на културата „Иван Мазов Климе"-Кавадарци, е **Работење на објекти за уметнички настани (шифра 90.310).**

Имено, согласно со член 45 став (1) од Законот за културата, дејности од областа на културата, во смисла на овој закон, се **дејности за објавување** и **дејности за заштита и користење**. Согласно со член 48 став (1) од Законот за културата, дејности за објавување, во смисла на овој закон, се: издавачката дејност; музичката дејност; драмската, оперската, балетската и играорната дејност (во натамошниот текст: сценско-уметничка дејност); филмската дејност; галериската дејност; **дејноста на домовите на културата** и дејноста за посредување во презентирање на дела од областа на културата.

Понатаму, согласно со член 54 ставовите (1) и (2) од Законот за културата,**Дејноста на домовите на културата во смисла на овој закон, *е програмски и функционално поттикнување и развој на културата, особено на творештвото на децата и младината, на културно-уметничкиот аматеризам и објавувањето културно-уметнички дела, како и за вршење други дејности од областа на културата* согласно со закон.** Назив на установа или на друго правно лице што ја врши дејноста од ставот 1 на овој член е: дом на културата, центар за култура, концертен центар, дом за деца и млади и слично.

Понатаму, согласно со член 18 од Законот за културата, **установа** во смисла на овој закон, е правно лице што врши дејност од областа на културата, со непрофитна цел(став 1).Непрофитна цел, во смисла на овој закон, е кога правното лице, согласно со актот за основање, остварената разлика меѓу приходите и расходите од вршењето на дејноста од областа на културата ја вложува во истата дејност, а платите и другите надоместоци на работниците не надминуваат повеќе од 30% од висината на платите за соодветниот вид занимање и надоместоците утврдени со колективен договор(став 2).Установата го стекнува својството на правно лице со упис во Централниот регистар на РСМ (став 3). Согласно со член 19 од истиот Закон, Установа основа физичко или правно лице под услови утврдени со закон (став 1) Установа може да основа и странско физичко или правно лице под услови утврдени со закон (став 2).**Со закон можат да бидат утврдени посебни услови за основање установи за одделни дејности од областа на културата (став 3).**

Согласно со член 20 од Законот за културата установата, според основачот, може да биде приватна или јавна(ства 1).Јавната установа може да биде локална кога ја основа единицата на локалната самоуправа (**во натамошниот текст: општинска-градска**) или **национална,** кога ја основа државата (став 2). Приватната установа ја основаат физички или правни лица (став 3).

Понатаму, согласно со член 22 од Законот за културата, **со закон можат да бидат утврдени посебни услови за работа на установа во вршењето одделна дејност од областа на културата (став 1).За исполнување на условите од ставот (1) на**

Република Северна Македонија | Republika e Maqedonisë së Veriut

**Министерство за култура и туризам** | **Ministria e Kulturës dhe e Turizmit**

Сектор за управен и инспекциски надзор | Sektori i Mbikëqyrjes Administrative dhe Inspektuese

**овој член, министерот за култура и туризам, во рок од 30 дена од денот на доставување на барањето донесува решение (став 2).**Против решението од ставот (2) на овој членво рок од 15 дена од денот на приемот на решението може да се изјави жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен (став 3).

Но, согласно со постојните посебни прописи од областа на културата, **посебните услови за работа на установа во вршењето одделна дејност од областа на културата и за што од страна на министерот се издава решение за исполнување на потребните посебни услови, се утврдени за вршење на музејската дејност согласно со Законот за музеите** („Сл. весник на РМ" бр. 66/2004, 89/2008, 116/10, 51/11, 88/15, 152/15 и 39/16 и „Сл. весник на РСМ" бр. 103/21), **за вршење на библиотечната дејност согласно со Законот за библиотеките** („Сл. весник на РМ" бр. 66/2004, 89/2008, 116/10, 51/11, 88/15, 152/15 и 39/16 и „Сл. весник на РСМ" бр. 122/21), како и подзаконските прописи (Правилник за стандардите за одредување на видовите на музеите, за нивната работа, за сместување и чување на музејските предмети и музејската документација и на соодветен стручен кадар за почеток со работа – „Сл. весник на РМ" бр. 72/2006 ...), **како и за вршење на дејноста за заштита на аудиовизуелните добра согласно со Законот за аудиовизуелните добра** („Сл. весник на РМ" бр. 103/2008, 47/11, 51/11, 154/15, 39/16 и 220/18 и **„Сл. весник на РСМ" бр. 103/21), како дејности од јавен интерес.**

**3.** Врз основа на член 120 од Законот за здружениот труд, Правилникот за работни односи на работниците и Правилникот за организација и систематизација на работите и работн изадачи на работниците при Домот на културата „Иван Мазов Климе"-Кавадарци и Одлуката на Комисијата за работни односи, уште во 1989 г. согласно со Решението бр. 04-120 од 10.03.1989г., извршен е прием на работа на неопределено време на артист – приправник почнувајќи од 04.01.1989 г., со степен на образование – Висока стручна спрема, за што е презентирана и соодветна Потврда за поднесена пријава – одјава на осигурување и работен однос за од 04. јануари, 1989 година. При надзорот, на увид е презентирано исто така и Решението за распоредување на на **работно место актер трета група со шифра КУЛ 03 04 А05 011** со бр. 04-315/1 од 11.04.2020 г., издадено од тогашната директорка на Домот врз основа на член 3 став (2) и член 21 став (1) од Законот за вработување во јавниот сектор и член **76 став (1) и член 76-а став (1) од Законот за културата**, Статутот и Правилникот за систематизација на работните места бр. 01-276/3 од 03.09.2020 година.

За вториот актер ( којшто е вработен во ЈОУ- Дом на културата „Иван Мазов Климе"-Кавадарци, на увид е презентирано Известување од

Република Северна Македонија
**Министерство за култура и туризам**
Сектор за управен и инспекциски надзор

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Kulturës dhe e Turizmit**
Sektori i Mbikëqyrjes Administrative dhe Inspektuese

Министерството за финансии бр. 18-6160/2 од 07.04.2015 г., за согласност за трансформација во работен однос на неопределено работно време, со важност **од 01.12.2015 г.,** дадено во согласност со **член 4 од Законот за трансформација во редовен работен однос,** за што е презентирана и соодветна Пријава/одјава во задолжително социјално осигурување–образец М1/М2 (извод од компјутерски запис), за лицето од 30.04.2015 г. за работното место – организатор на културно-забавни приредби. При надзорот, на увид е презентирано исто така и Решението за распоредување на на **работно место – актер четврта групасо шифра КУЛ 03 04 А06 001** бр. 04-319/1 од 11.09.2020 г., издадено од тогашната директорка на Домот врз основа на член 3 став (2) и член 21 став (1) од Законот за вработување во јавниот сектор и член 76 став (1) и **член 76-а став (1) од Законот за културата**, Статутот и Правилникот за систематизација на работните места бр. 01-276/3 од 03.09.2020 година.

Имено, согласно со член 76 став (1) од Законот за културата, предвидено е дека во јавна установа од областа на културата **работните места на вработените се групираат во групи и подгрупи согласно со Законот за вработените во јавниот сектор**. Понатаму, согласно со член 76-б став (1) од истиот Закон,**во рамките на категоријата А се утврдуваат следните нивоа на работни места на даватели на јавни услуги во културата:**

- Ниво А1уметници првенци - балетски играч првенец, актер првенец, оперски солист првенец, диригент и други,
- Ниво А2 уметник - концерт мајстор и други,
- Ниво А3 уметници прва група – истакнати оперски солисти, истакнати балетски играчи-солисти, актери прва група, група први дувачи (труба,хорна, тромбон, фагот, флејта, кларинет, обоа), водачи на групи гудачи (втора виолина, виола, виолончело и контрабас), заменик концерт мајстор, харфа, тимпани, првенец - играч во НУ Танец и други,
- Ниво А4 уметници втора група - оперски солисти носители на средни улоги, балетски играчи носители на средни улоги, актери втора група, трети дувачи (труба со пистон, хорна, тромбон, бас кларинет, ц кларинет, трета обоа со англиски рог, трета флејта со пиколо, фагот, контрафагот), туба, ударни инструменти, заменици на групи гудачки инструменти (втора виолина, виола, виолончело и контрабас), истакнати играчи од прв ред – солист и истакнат пејач од прв ред - солист во НУ Танец, корепититор во опера/балет, хор мајстор, педагог-репетитор и други,
- **Ниво А5 уметници трета група**– оперски солисти носители на епизодни улоги, балетски играчи-носители на епизодни улоги, група втори дувачи (обоа, флејта, фагот, кларинет, хорна, втора флејта со пиколо), прва виолина тути, постар

- **Ниво А6 уметници четврта група – актер четврта група,** тути гудачи, членови во хор, членови во балетски ансамбл, играч/ пејач во НУ Танец и други.

Според ставовите (2) и (3) од истиот член од Законот, вработените од категоријата А треба да имаат најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен или завршено средно училиште и треба да имаат работно искуство и тоа: за нивоата А1 и А2 најмалку пет години работно искуство во струката, за нивото А3 најмалку три години работно искуство во струката, за нивото А4 најмалку две години работно искуство и**за нивоата А5 и А6 до една година работно искуство**.

4. Според Платниот список за м. април, 2025 г., за вработените во ЈОУ – Дом на култура „Иван Мазов Климе"-Кавадарци, во работен однос на неопределено време се вкупно 12 извршители, на коишто **преку Министерството за култура и туризам** (блок дотации). се врши исплата на плата согласно со актот за систематизација на работените места и коефициентите утврдени за основна плата во членот 66 од **Колективниот договор за културата („Сл. весник на РМ" бр. 10/2020,** во сила од 16.01.2020 г.), конкретно за работното место **актер трета група со шифра КУЛ 03 04 А05 011,**е утврден коефициент 2,264, а за **работното место – актер четврта групасо шифра КУЛ 03 04 А06 001,** е утврден коефициент 2,090.

**Оттука, имајќи го предвид горе утврденото при вонредниот инспекциски надзор во ЈОУ-Дом на културата „Иван Мазов Климе"-Кавадарци,од страна на инспекторот за култура ќе се запре инспекциската постапка согласно со член 82 став (5) од Законот за инспекциски надзор.**

Поради обемот и сложеноста на инспекцискиот надзор, неговата природа и околностите на работа, Записникот е составен во службените простории наСекторот за управен и инспекциски надзор на Министерството за култура и туризам во согласност со член 82 став (3) од Законот за инспекциски надзор.

Записникот е составен во 3 (три) еднакви примероци, од кои 2 (два) примерока за Министерството за култура и туризам и еден примерок за ЈОУ-Дом на културата „Иван Мазов Климе"-Кавадарци.

11) Со содржината на овој записник и со утврдената фактичка состојба е запознаен претставникот на субјектот на надзорот, кој НЕМАШЕ/ИМАШЕ забелешки.

12)Забелешки на претставникот на субјектот на надзорот:

____________________________________________
____________________________________________
____________________________________________
____________________________________________

Република Северна Македонија
**Министерство за култура и туризам**
Сектор за управен и инспекциски надзор

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Kulturës dhe e Turizmit**
Sektori i Mbikëqyrjes Administrative dhe Inspektuese

| | | | |
|---|---|---|---|
| Потпис на претставникот на субјектот на надзор: | в.д. директор на ЈОУ-Дом на културата „Иван Мазов Климе"-Кавадарци | Печат и потпис на инспекторот за култура: | ~~Сабина Синан~~, главен инспектор за култура |
| Датум: | ___.06.2025 г. | Датум: | 16.06.2025 г. |

Доколку претставникот на субјектот на надзор одбие да се потпише записникот, да се наведат причините.